ТЕАТАР

# Јордан Х. К. Џинот

## Велес





# За театарот

Националната Установа Центар за култура Театар "Јордан Хаџи Константинов – Џинот" од Велес е една од најстарите и водечки театарски институции во Македонија, основана во 1948 година. Го носи името на својот патрон Јордан Хаџи Константинов – Џинот, првиот македонски драмски писател и основоположник на македонскиот театар. Театарот "Џинот" Велес е државна театарска институција финансирана од Министерството за култура на Република Македонија. Театарот има нова репрезентативна театарска зграда со највисоки технички стандарди и театарски простор со голема сцена предвидена за 370 луѓе и мала сцена со отворен студиски концепт предвидена за 104 луѓе во публиката.




# Нема струја за електричниот стол

Приказната е сместена среде апокалиптична околност во која се поместени двата лика – оној што е осуден на смрт со електричен стол и оној што треба да ја изврши осудата. Дијалогот пласира луцидна, иронична и саркастична приказна, која низ мултинаративен систем генерира уникатно сценско доживување. Овој мултимедијален проект има цел да ги преиспита границите меѓу сценското дејство, филмскиот израз и видеоанимацијата преку постојаното претопување на различните медиуми во единството на театарската претстава.

# Автор
## на текст



Александар Секулов несомнено е еден од најзначајните бугарски писатели во моментов: неговото портфолио, реализирано во сите жанрови и остварено на неколку јазици, закитено е со најпрестижните награди што Бугарија ги доделува за книжевни текстови. Таков е случајот и со пиесата „Нема струја за електричниот стол“, чија премиера во режија на Дејан Пројковски, на сцената на Народниот театар Ј. Х. К. Џинот – Велес ќе се случи утревечер во 20 часот. Во претставата играат Васил Зафирчев и Исидор Јованоски. Пиесата е носител на наградата „Аскер“ за современа бугарска драматургија во 2006 година, праизведена во режија на Лили Абаџиева на сцената на Пловдивскот театар, матичната куќа на Секулов. Ова е втора средба на Секулов со македонската публика, по првата остварена на Интернационалниот фестивал на античка драма „Стоби“, со изведбата на „Одисеј“ (пиесата „Одисеј“ е преведена на македонски јазик и публикувана во хрестоматијата „Нова античка драма 2), во режија на Диана Добрева – носител на наградите за најдобра режија и гран при на фестивалот „СТОБИ“ 2022.

# Драматург

Сашо Димоски (1985, доктор по драмски уметности) е македонски писател и драмски уметник. Од своето деби во 2015 создал портфолио кое обединува преку педесет наслови изразени во прозни книги, драмско и балетско авторство, раскази, радио- и ТВ-продукции, театролошки есеи и научни истражувања.

Се издвојуваат: Дневникот на Хулиганот (2015, проза адаптирана за сцена во Македонската опера и балет), Алма Малер (2016, роман, адаптиран за сцена во Македонскиот народен театар, преведен на српски и англиски јазик), Петтото годишно време (2017, роман, награден со Рациново признание, преведен на албански јазик), Ние, другите (книга собрани драмски текстови изведени на сцена), Заспаните убавици (проза, 2018). Драмски текстови: Федра (СМГ Љубљана, НТ Џинот, Велес, 2016), Медеја (ФАД Стоби, 2017), Ана Комнена (НТ Џинот, Велес, 2017), Парламентарки (НТ Охрид, НТ Ниш, 2017), Шумата на моето дрво (НТ Џинот, 2017), Госпоѓиците од Авињон (Македонски народен театар, 2017), Кралските копилиња (НТ Џинот, 2018), како и петнаесет сценски адаптации. Се издвојуваат и два текста за кореограф: Црвената соба (МОБ, 2016) и Дервишот и смртта (ХНК Сплит, 2017). Неговата уметност била претставена на повеќе од триесет фестивали во регионот и пошироко, на кои дел од продукциите биле и наградени.



# Режија

Дејан Пројковски (1979, Битола), дипломирал и магистрирал театарска режија во Софија на Националната академија за театарска и филмска уметност во Софија, Бугарија, во класата на проф. Красимир Спасов.

„Нема струја за електричниот стол“ има неколку слоја, а една од важните работи што се водел како режисер е прашањето уште од Сократ од која страна се решетките-затворот и од која страна е слободата. Целата тема меѓу џелатот и жртвата или обвинувањето или судењето е без да ја знаеме неговата историја. Секој човек кој го среќаваме на улица е посебен универзум сам за себе и има своја приказна.Оваа претстава зборува токму за тоа, некако Диоген претставата среде бел ден тргнува да го бара човекот, односно човечкото во човекот. Самата форма на претстава треба да има многу детали. Токму затоа го има и тој видео формат зад глумците каде што може да се гледа секој допир да се почувствува секој здив, секој поглед. Во еден мал простор, двајца луѓе коишто треба да поминат еден час или можеби една вечност, затоа некако публиката треба да ги лови сите тие детали, нијанси на паѓање на издивнување на душата.







# Актери

**Васил Зафирчев** – актерската професија има постојано и врвови и падови. Ова веројатно е еден од врвовите за 42 годишен актер со повеќе од 25 годишно искуство веројатно. Пред се′ тоа се должи на фантастичниот текст на големиот бугарски автор Секулов наш пријател и духовен брат по професијата. Но секако се должи на партнерот со кој учествуваме, мислиме, дишеме како еден. Се разбира на режисерот кој сето ова го издигна на едно многу високо универзално ниво, а тоа го надминува и она што е драмски формат на самиот текст, како авторот драмски ја обработува темата, а што ние всушност направивме од неговиот текст во претставата

**Исидор Јованоски** – многу ми е драго што постапуваме на еден неконвенционален начин пред се ′ бидејќи тоа и му треба на театарот и театарот самиот по себе бара неконвенционалности, бидејќи доколку бара коненционални работи станува збор за ограничување, за ограничени средства и инспирации. Театарот не го бара тоа, театарот бара да расте во секој момент. Многу се радувам што доста математички прецизно е тешка оваа претстава колку и да изгледа лесна, сепак можам да кажам дека се занимававме и со метафизика. Оти следиме многу повеќе работи на сцената не само актерите туку и целата екипа.

# Композитор

Сашко Костов -  користев инструменти од рециклирачки материјали од канти, детски креветчиња, имав ПВЦ цевки и како круна на сето тоа направив еден саун дизајн кој е составен од две инфузии и тие се наместени различно со стеги да капат во метална канта. Така што тие капки ги дизајнирав како звучен дизајн. Прекрасно е чувството кога треба да свири во живо затоа што ја доловува динамиката,ја потполнува тишината, ја уцврстува тежината на материјата.



# Сценски дизајн

Филип Коруновски е ликовен уметник роден 1987 година.

Своето образование го започнува во 2002 во Државното Средно Училиште за Применета Уметност "Лазар Личеновски" на отсекот за графика и графички техники во Скопје.

Во 2006 година високото образование го продолжува на Факултетот за Ликовни Уметности при универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје на отсекот за графика со графички дизајн под менторство на Мирко Вујисиќ.

Во 2011 година Коруновски магистрира на одделот за скулптура на истиот Факултет под менторство на Беди Ибрахим.

Во 2012 година работи како сценограф и дизајнер на рекламен материјал на претставата „Ноќите во бел сатен"во театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" во Велес со што ја започнува својата кариера во театар.

Во 2017 Коруновски е добитник на награда за рекламен материјал на претставата „Ана Комнена" на театарскиот фестивал во Македонија – МТФ „Војдан Чернодрински".

Од 2014 година работи како сценограф и визуелен уметник во театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот" од Велес. До денес Коруновски е сценограф на 40-тина театарски во Велес, Скопје, Штип и Охрид, сценограф е исто така на една балетската претстава „Пепелашка" во Националната опера и балет и графички дизајнер за поголемиот дел од истите.



# Нема струја за електричниот стол

АВТОР НА ТЕКСТ: Александар Секулов
РЕЖИСЕР: Дејан Пројковски
ДРАМАТУРГ: Сашо Димоски
СЦЕНСКИ ДИЗАЈН: Филип Коруновски
ВИДЕОДИЗАЈН И АНИМАЦИЈА: Борче Конзулов и Филип Коруновски
КОМПОЗИТОР И ИЗВЕДБА НА МУЗИКА ВО ЖИВО: Сашко Костов
КАМЕРИ: Данчо Стефков и Александар Костов
ПРЕВОД: Дејан Пројковски
ЛЕКТОР: Весна Костовска
СУФЛЕР: Орхидеја Дукова
ИНСПИЦИЕНТ: Славиша Ѓорѓиев
ДИЗАЈН НА ПЛАКАТ: Филип Коруновски
ФОТОГРАФ: Иван Камчев
УЛОГИ:
ОСУДЕНИОТ НА СМРТ: Васил Зафирчев
ЛЕОНАРД: Исидор Јованоски
ТЕХНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ: Никола Игнов
СВЕТЛО-ОПЕРАТОРИ: Марјан Тодоровски, Зоранчо Јордев
ТОН-ОПЕРАТОР: Славчо Коцев
ДЕКОРАТЕРИ: Игор Гаврилов, Хишам Латифов, Ѓоре Павлов, Јовица Стаменковски, Горан Димов
РЕКВИЗИТ: Благој Илиев
ГАРДЕРОБЕР: Јулијана Ангеловска



# Контакт!

Театар Јордан Х. К. Џинот
+38970261007
ул. „Благој Ѓорев“ бб, 1400, Велес
Р. С. Македонија
teatardzinot@yahoo.com
www.teatarveles,mk